**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА АЕРОДРОМ**
Одделение за урбанизам и подготовка
на урбанистички планови
**Врска бр.18-327/6 од 02.03.2022 год.**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА АЕРОДРОМ
Сектор за комунални работи, урбанизам и
заштита и унапредување на животната средина
Бр. 18-327/8
11-04-2022 20 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 62 став 10 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.32/20), а во врска со одобрување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, Општина Аеродром го дава следното:

# СООПШТЕНИЕ

**за спроведување на јавен увид на**
**Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2-лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, на дел од КП 3661/2 КО Горно Лисиче- вон град, Општина Аеродром**

Се известуваат сите заинтересирани граѓани, правни лица, научни и стручни организации, дека Општина Аеродром води постапка за одобрување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2- лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, на дел од КП 3661/2 КО Горно Лисиче-вон град.

Границата на планксиот опфат е дефинирана со следните граници:

- На исток планскиот опфат се граничи со дел од КП3662 и КП3663/1 КО Горно Лисиче-вон град
- На запад со КП3661/1 КО Горно Лисиче – вон град
- На север со дел од КП3660/2
- На јужната страна поминува асфалтиран локален пат Горно-Долно Лисиче, КП4458/5

Површината на планскиот опфат изнесува 0,56 ха.

Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2- лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, на дел од КП 3661/2 КО Горно Лисиче-вон град, ќе биде ставен на увид на веб страната на Општина Аеродром – www.aerodrom.gov.mk, во рок од 15 дена и тоа од 12.04.2022 до 26.04.2022 год.

Во наведениот рок јавноста има можност да достави забелешки во однос на урбанистичкиот проект, преку архивата на Општина Аеродром.

Пристигнатите забелешки ги разгледува комисијата за урбанизам од член 38 од Законот за урбанистичко планирање, која составува записник со образложение за прифатените и неприфатените забелешки, што се објавува на веб страната на општината.

**Изработил:**
Сандра Шутиноска, д.и.а

**Контролирал:**
Страшко Хаџи Коцев, д.и.а

**По овластување од градоначалник**
**контролирал и одобрил:**
Иван Кокалановски, д.и.а

Дата: 11.04.2022 год.

Одделение за урбанизам и подготовка на урбанистички планови
тел. +389 (0)2 2401-529, Факс: +389 (0)2 2401 546
www.aerodrom.gov.mk